РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

09.11.2022

09 1394/1

До: Општина Демир Хисар
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **Дали е формирана канцеларија за млади во рамки на Општината? Доколку да, споделете одлука за нејзино формирање во прилог**
- **Дали е формиран младински центар во општината? Доколку да, споделете одлука за неговото формирање во прилог**
- **Доколку е формиран младински центар, дали се креирани програми? Доколку да, споделете ја програмата на младинскиот центар**
- **Доколку е формиран младински центар, дали истиот го води организација? Доколку да, неведете ја организацијата?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **(в) фотокопија**
- **(г) електронски запис**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 12.11.2022 година** ____________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] а, поднесено на 09.11.2022 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска локалниот младински совет во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, Ви ја доставува информацијата во врска со локалниот младински совет во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер, заведена во архивата на Општина Демир Хисар на 09.11.2022 година под архивски број 09-1394/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 09.11.2022 година, под бр. 09-1394/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-ИНФОРМАЦИЈА-

-Ве информираме дека во Општина Демир Хисар не се формирана канцеларија на млади и младински центар. Процесот за нивно формирање е планиран да започне наскоро.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси